# Медиум

весник за сите средношколци

www.medium.edu.mk

Петок 29.3.2018 V; година бр. 44


# „Траш таг“ манија ги фати средношколците во Македонија



стр. 4-5



ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ИНТЕРВЈУ СО МАЈА ВУЕВСКА ЕКОАКТИВИСТКА ОД СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“

стр. 6



ЈАС МИСЛАМ ВАКА

Ж - КАКО ЖЕНА ИЛИ КАКО ЖРТВА

стр. 7



НЕ ИГНОРИРАЈ, РЕАГИРАЈ!

КАКО ДА ГИ КОРИСТИМЕ РАСТЕНИЈАТА ЗА СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА

стр. 8


ИК Институт за комуникациски студии

Нова Македонија

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ИЗРАБОТЕН ВО РАМКИ НА КАМПАЊАТА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ ШТО ЈА СПРОВЕДУВА ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

## ВОВЕДНИК



Кирил Арсовски Пржо,
професор по биологија

# Тоа што ќе остане од светот, останува на младите

Светот и природата се во постојан процес на промени. Сега повеќе од кога било природата во која живееме на единствената планета што ја населуваме е под огромен притисок и сведочиме за промени за кои не сме ни замислувале. Светот во кој живееле родителите или дедовците и бабите на сегашните средношколци бил неверојатно поразличен, но и на еден начин помал. Пред само шеесет години, вкупната светска популација била речиси трипати помала од таа сега. Луѓето ја третирале природата како извор на ресурси, сè уште постоеле места на светот што не биле мапирани, фотографирани, ниту посетени.

Средношколците денес се соочени со голема обврска: да ги зачуваат оние малку ресурси и природа што останаа. Сегашните средношколци се родени во почетокот на новиот милениум, момент што на светот му даде нова надеж. Таа надеж сега се младите луѓе со можност засекогаш да ја решат светската еколошка криза.

Младите на новото време во светски рамки веќе транспарентно го кажуваат својот став за својата иднина. Тие сè повеќе избираат здрав начин на живот што со себе носи и барање за подобра животна средина. Преку популаризација на разни активности и рекреација во природа, младите одблиску се запознаваат со природните вредности. Преку пешачење низ шумите или кампување на езерските плажи дознаваат за комплексноста на екосистемите. Дури и активното користење на социјалните медиуми значајно може да помогне во заштитата на животната средина. Со комуникациските алатки можат брзо да споделуваат вести и фотографии, и полесно да повикуваат за акција за промени. Младите сè почесто ги посетуваат националните паркови и заштитените подрачја, истовремено учејќи за природата, но и за потребата од нејзина заштита.

Кај нас младите првично се соочени со недостиг од еколошко образование во задолжителниот образовен процес. Еколошките теми се третираат како факултативна или споредна активност, често поврзана со сезонските промени. Младите ги немаат потребните и вистинските информации и често ја мешаат екологијата како наука со урбаната или личната хигиена. На средношколците не им се даваат доволно простор и ресурси да учат и да се запознаваат со животната средина надвор од планираната наставна програма или надворешната проектна активност. Еколошкото образование не треба да биде само наставна единица на часот по биологија, туку нов начин на гледање на светот.

Идните генерации на грб ќе понесат многу проблеми за кои нема да има решенија. Кога веќе не успеавме ние нешто да смениме, тогаш да им го олесниме патот и да ги насочиме новите генерации кон живот во кој преку науката и образованието ќе ги решаваат еколошките проблеми.

Токму затоа, содржините во весникот „Медиум“ неколку месеци ќе бидат посветени на овие прашања, со намера да се пополни празнината во наставните програми во средното образование.

# Ученици од Преспа од стари гуми направија канти за отпадоци



Средношколците од гимназијата „Цар Самоил“ во Ресен на креативен начин старите и искористени гуми ги пренаменија во канти за отпадоци. Од вулканизер ги земаа гумите, од цвеќарница добија донации на бои и четки и за еден ден направија канти за отпадоци кои ги поставија во нивниот школски двор.

Средношколците се дел од „Еко герила - Преспа“, а целта на оваа акција им беше не само да обезбедат место каде што ќе се фрла отпадот, туку и да се види како дел од младите размислуваат за подобро општество.

Штом 15-члена група млади луѓе чувствува одговорност кон оваа земја која ни е нам поклонета, значи можеме сите. Дајте да ја согледаме ситуацијата на нашето живеалиште малку подалеку и поинаку од досегашново. Ова што е сега, можеби по неколку децении нема да го имаме. Оваа земја не заслужува да биде уништена од нашата неодговорност. Со мали напори до големи промени, порачаа екогерилците од Преспа.

# Поинакви три дена во „Карев“



Во скопската гимназија „Никола Карев“, од 7 до 9 март по втор пат се одржа фестивалот на млади уметници „Три дена култура“, на кој младите автори слободно ги покажаа своите идеи и размислувања за уметноста.

Годинава Каревци, во рамките на фестивалот беа домаќини на нивните врсници од белградската Прва гимназија, со кои заедно три вечери по ред имаа можност да видат и слушнат нешто поинакво, нешто надвор од нивните секојдневни обврски.

Под менторство на нивните професори, учениците ја подготвија сцената како и сè друго што беше потребно за да се покажат како добри домаќини.

На првиот фестивалски ден имаше проекција на филмови снимени од средношколци и студенти до 21 година. По проекциите имаше дискусија со гости на фестивалот, а на крајот симболично беше прогласен и најдобриот филм избран по пат на тајно гласање. Вториот ден, пак, помина со кратки театарски претстави преку кои авторите на најсуптилен начин ги претставија своите нови режисерски, сценски, сценографски, актерски и други решенија за нов, современ театар и нова уметност.

Дигитална изложба (Photo Slideshow) на средношколски автори, пак, беше прикажана на последниот фестивалски ден. Се изложија фотографии, цртежи, графики, дигитални цртежи, 3Д и други ликовни дела.

# Младите во Крива Паланка поттикнаа „генералка“ во градот



Секој викенд во наредните два месеци ќе „светне“ по некоја населба во Крива Паланка. Станува збор за еколошката акција „Чиста населба - чиста општина“ која ја најавија локалните власти, а која ја поттикнаа младите екотимови од училиштата, кои со своите одговорни лица активно ќе учествуваат во планираните активности.

На денот на пролетта - 21 март, пак, учениците го искористија првото пролетно сонце за чистење на училишните дворови и околните улици, а дел од нив се погрижија за хортикултурно уредување засадувајќи цвеќиња и садници.

Акцијата „Чиста населба - чиста општина“ започна минатиот викенд кога се чистеа населбите Осичка Маала и Домачки Дол. За нea е направен план и опфаќа два сегменти, од кои едниот е чистење на дворовите, на зелените јавни површини и пред станбените згради, додека другиот сегмент е собирање на непотребниот отпад од индивидуалните домови.

Покрај средношколците како иницијатори, учество најавиле и голем број невладини организации како и граѓани кои самоиницијативно се пријавиле.

Акцијата е поддржана и од советот на општината, од ЈП „Комуналец“, од советите на заедниците на станари во самите населби, од локалните фирми и др.

Медиум
НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина
Институт за комуникациски студии

Публикацијата е изработена во рамки на кампањата од јавен интерес за подобра животна средина „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ што ја спроведува Институтот за комуникациски студии

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Кристијан Новковски **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk; www.reagiraj.mk**

British Embassy Skopje
Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите во Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

**ГЛОБАЛНИ ПРОТЕСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ**




Фото: Редакција Радио МОФ

# Секој се мисли добар во својата струка, а не се знае што е глобално затоплување

„Секој се мисли добар во својата струка, а не се знае што е глобално затоплување, каква брука“, ова е една од пораките кои на 15 март, средношколци ја испратија до Владата. Пораката беше напишана на еден од транспарентите што учениците ги носеа на протестот против климатските промени.

Средношколците и младите кои излегоа на протестот во Скопје беа само мало камче од мозаикот. Повеќе од 1,5 милион ученици во 2.083 града од 125 земји низ светот тој ден ги напуштија школските клупи и излегоа на глобален штрајк. Движењето го започна шведската тинејџерка Грета Тунберг. Шеснаесетгодишната Тунберг се стекна со светска слава како активистка во борбата против климатските промени, а благодарение на тоа, тројца норвешки пратеници ја номинираа и за Нобелова награда за мир.

Во акцијата која таа ја покрена, нејзините врсници од пред владината зграда во Скопје преку транспаренти ги прашаа властите: „Имате ли план?“. Тие гласно кажаа дека сакаат чист воздух и побараа „стоп“ за смогот и за јагленот.

„Соочени со целосната инертност и безидејност на нашата влада во однос на загадувањето, мнозина од младите, едноставно, размислуваат да се отселат од оваа земја, некаде каде што воздухот не е загаден до степен на канцер и каде што во почвата не циркулира преработениот токсичен отпад од депониите без никаква контрола. Но тоа не е излез! Во следните децении нашиот проблем ќе стане проблем насекаде, затоа што незаинтересираноста на оние кои имаат моќ за што било друго освен за зголемување на нивната моќ постои насекаде, не само во Македонија“, порачаа младите демонстранти во поканата кон преостанатите ученици да им се придружат. Протестот го поддржаа и десетина граѓански организации.

> *Целта на младите демонстранти од 125-те земји е властите да сфатат дека климатските промени се сериозна криза и оти сега имаат време само за да се намали катастрофата, бидејќи во изминатите 40 години ниту еден политичар, без разлика какви му се партиските бои, не успеал во оваа војна*

Младите побараа итни и ригорозни мерки за заштита на животната средина: максимални казни за најголемите загадувачи во индустријата; контрола на преработката на отпадот во депониите и негово безбедно складирање; воведување на сеопфатна еколошка транспортна инфраструктура итн.

Протести се одржаа во Франција, Германија, Италија, Белгија, Индија, Австралија, Јапонија, Јужна Кореја итн.

Едни од барања кои се најдоа на листите на македонските, но и на учениците од целиот свет беа итно преминување на обновливи избори на енергија и стоп на безмилосната сеча на шумските предели.

Во ученички крик кој одекна низ светот сите едногласно порачаа: „Ние немаме планета „Б“, „Ни ја уништувате иднината“, „Ако вие не се однесувате како возрасни, ќе мора ние“.

Целта на младите демонстранти од 125-те земји е властите да сфатат дека климатските промени се сериозна криза и оти сега имаат време само за да се намали катастрофата, бидејќи во изминатите 40 години ниту еден политичар, без разлика какви му се партиските бои, не успеал во оваа војна.

Моќни пораки испрати и тинејџерката Грета од Шведска.

- Ние сме пред егзистенцијална криза, најголемата криза со која се соочило човештвото, а сепак луѓето кои знаат за неа ја игнорираат со децении. Одговорноста е ваша, не е наша. Ние сме младината, ние не придонесовме за оваа криза. Ние сме само родени во овој свет. И одеднаш пред нас има криза. Ова е криза во која ќе треба да живеат нашите деца и нивните деца, и не ја прифаќаме, и нема да ја дозволиме, затоа протестираме. Бидејќи сакаме иднина и ќе продолжиме со борбата - порача Грета.

За неа, денот на глобалниот протест – 15 март, беше само уште еден во низата петоци, бидејќи таа речиси една година, секој петок е пред шведскиот парламент, држи транспаренти со апел до властите да сторат нешто за да се спречи глобалното затоплување.

Протестот во март беше втор глобален протест по тој во јануари кога над 60.000 млади луѓе излегоа на улиците во Шведска, Германија, Белгија, Швајцарија и Италија. Се очекува ваквите протести да продолжат и во иднина.

Крикот на младите за справување со климатските промени не е единствениот кој го вклучува алармот. И научниците предупредуваат дека се потребни построги мерки со цел да се спречи глобалното затоплување.

Кога станува збор, пак, за тоа што преземаат властите од кои, всушност, се бараат поригорозни мерки, во 2017 година, лидерите од речиси 200 земји со потпишување на Парискиот климатски договор се обврзаа дека ќе ја одржат температурата „значително под“ два степени Целзиусови над прединдустрискиот период и ќе овозможат порастот на глобалната температура да се ограничи на максимални 1,5 степен.



„КАДЕ БЕВМЕ“

# „Траш таг“ ма... средношколците




Младинската организација „Единство“ од кочанското училиште „Љупчо Сантов“ го прифати предизвикот „Траш таг“(#TrashTag)





Предизвикот кој го објави Бајрон Роман од Аризона, САД

„Траш таг“ (#TrashTag) слободно можеме да го прогласиме за предизвик на месецот. Веројатно ретко кој во изминатите неколку недели на социјалните медиуми не слушнал за овој виралeн хит и не видел барем една фотографија. Не ја одмина и Македонија, а едни од оние кои најмногу се истакнаа беа средношколците во пресрет на Денот на екологијата и на пролетта - 21 март.

Станува збор за предизвик кој се рашири преку социјалните мрежи со хаштагот „Траш таг“(#TrashTag), кој стана вирален и луѓе низ целиот свет го прифаќаат. Тој се состои во тоа да се најде место затрупано со отпадоци, дива депонија, да се исчисти и да се објави фотографија од пред и потоа.

Ваквиот предизвик за планетата Земја е добредојден, и ако се земе предвид предвидувањето на Светска банка дека сметот во светот може да се зголеми за застрашувачки 70 отсто до 2050 година.

Предизвикот го смисли младо момче од Аризона,САД, Бајрон Роман, кој исчисти депонија и сподели фотографии, па порача: „Еве ви нов предизвик на вас тинејџерите кои се досадувате. Направете фотографија од загадено место кое треба да се исчисти, а потоа направете уште една фотографија откако ќе го исчистите местото и објавете ги“.

Сепак, иако Бајрон го сметаат за прв кој го започнал предизвикот, идејата со хаштагот „Траш таг“(#TrashTag) не е негова, бидејќи истиот за првпат го користеше една компанија од САД во 2015 година во кампања за издигање на свеста за светската криза со загадувањето.

Во Македонија, пак, слична акција започна минатата година, кога иницијативата „Не биди ѓубре“ почна да чисти различни локации и да ја издига јавната свест. Една од предводничките во оваа иницијатива беше актерката Ирена Ристиќ, која постојано е активна во оваа насока. Па така, додека во светот се користи хаштагот „Траш таг“(#TrashTag), кај нас пораспространет е „#Небидиѓубре“.

Ваквите еколошки акции во текот на изминатите неколку деназемаа замав, па социјалните мрежи беа преплавени со информации и фотографии за тоа каде и што е исчистено. Во оваа рубрика за овој број од „Медиум“ издвојуваме неколку фотографии од средношколци од сите краеви на земјава кои во текот на месец март исчистија нечие ѓубре.

Така, меѓу нив се учениците од Државното музичко училиште - Битола, кои на класните часови на Денот на екологијата го исчистија училишниот двор од сметот и отпадоците, како и внатрешниот дел од училиштето.

„Не биди ѓубре“ порачаа и прилепските ученици од СОУ „Орде Чопела“.

Еколошка акција спроведоа и децата од средното стручно училиште за ученици со интелектуална попреченост „Св. Наум Охридски“, каде што неколкупати годишно се прават вакви иницијативи.

Екопредизвикот „Траш таг“ го прифати и младинската организација „Единство“ од средното училиште „ Љупчо Сантов“ во Кочани. Вкупно 35 члена на средношколската организација чистеа на три локации: училишниот двор на гимназијата, споменикот Лукубија и кај железничката станица. На нив им се приклучија и осум интернационални волонтери од асоцијацијата „Павел Шатев“.

# ...нија ги фати ...е во Македонија




Прилепските средношколци од СОУ „Орде Чопела“ порачаа: „Не биди ѓубре“



Генералка на училишниот двор и на училниците направија средношколците од Државното музичко училиште – Битола



Учениците од средното стручно училиште „Св. Наум Охридски“ - Скопје, неколку пати годишно имаат еколошка акција

# „Мети си со класнето“




Професорката по англиски јазик во средното медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ во Битола, Марија Магдалена Петковска-Микаровска, е предводничка на екоакција која ја започна со нејзините ученици под мотото „Мети си со класнето“. Акцијата дури има и лого кое е преземено од актерката Ирена Ристиќ од иницијативата „Не биди ѓубре“, но е приспособено за класната професорка.

Таа и нејзините ученици првата акција ја спроведоа во околината на Домот за доенчиња во соработка со „Геосфера“ и Организацијата на жени, а последниот викенд го чистеа ѓубрето кај Новиот пазар. Нејзината акција ја поддржаа и Центарот за култура - Битола и 3Д-кино од Битола, кои ги наградуваа учениците со карти за филмот „Боемска рапсодија“. Како што сподели професорката, во акцијата од минатиот викенд се приклучиле околу 60 луѓе, меѓу кои и родители, ученици од другите класови, но и средношколци од другите училишта во Битола, од Правниот факултет итн.







ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ИНТЕРВЈУ СО ЕКОАКТИВИСТКА ОД СУГС „ОРЦЕ НИКОЛОВ“

# „Рециклирав, а со фотографирањето ги предизвикав и пријателите“



Маја Вуевска е ученичка во трета година, билингвална паралелка, во средното училиште „Орце Николов“. Покрај обврските поврзани со училиштето, таа е и младинска активистка, дебатира и се залага против климатските промени.

За време на проектот „Еразмус+“ со наслов „Фит фор д фјучр“ (Fit For The Future), кој се одвива во СУГС „Орце Николов“, Маја заедно со други учесници беше иницијаторка предизвикот наречен „Треш таг“ (#TrashTag) да се одвива во училиштето. Таа секој ден по завршување со активностите внимателно го селектираше отпадот што го правеа учениците и го носеше да се рециклира.

Професорките од „Орце“, Елизабета Поповска, Виолета Толева и Ана Попризова, координатори на проектот „Фит фор д фјучр“ (Fit For The Future) ја поддржаа иницијативата на Маја, во време на глобално затоплување, климатски промени и природни катастрофи и ја зголемија еколошката свесност кај младите учесници, овозможувајќи соодветни материјали за селекција. Решија да придонесат кон борбата за почиста околина.

**„МЕДИУМ“:** Од кога рециклираш?

**МАЈА:** Не се сеќавам на конкретна година, но уште од кога знам за себе моите родители ми го имаат врежано рециклирањето како навика. Уште како мала ги гледав како го селектираат отпадот каде и да се, па и јас понатаму го стекнав тоа чувство на свесност за природата и околината. Верувам дека многу е важно опкружувањето за личности кои се развиваат, затоа што на тој начин се влијае позитивно или негативно.

**„МЕДИУМ“:** Зошто го селектираш и рециклираш отпадот?

**МАЈА:** Рециклирам бидејќи се грижам за природата. За мене природата не е обична именка, таа има огромно значење. Сметам дека тоа е важно за нас и за нашата иднина. Со самото рециклирање на отпадот се намалува продукцијата на непотребни материјали и предмети кои се фрлани од страна на луѓето во природата и кои го оштетуваат и домот на животните, а воедно и нашиот.

**„МЕДИУМ“:** Што е „Треш таг“ (#TrashTag)?

**МАЈА:** „Треш таг“ (#TrashTag) е еден вид предизвик кој е многу популарен на социјалните мрежи во последните години. Ова е извонреден начин на кој можат да се искористат социјалните мрежи за позитивни промени. Ги поттикнува луѓето да го соберат отпадот околу нив и, едноставно, да се фотографираат со него и да го постираат тоа на нивните профили.

*На средношколката Маја фотографирањето ѝ е хоби и за него го искористува секое слободно време, а го искористила и за да ги внесе своите пријатели во предизвикот да рециклираат. Тоа истовремено, вели таа, е и забавни и корисно*

**„МЕДИУМ“:** Како можат и другите да се приклучат и да помогнат?

**МАЈА:** Ова е индивидуален предизвик и е самоиницијативен. Може да се направи самостојно или со повеќе луѓе на една фотографија. Треба да се издигне свеста на луѓето за штетата која ја предизвикува нерециклирањето. Затоа одлучно кажувам дека треба да има повеќе акции како „Треш таг“ (#TrashTag) кои можат да бидат и едукативни за младите, а воедно и забавни.

**„МЕДИУМ“:** Како реши да се приклучиш?

**МАЈА:** Јас во слободно време фотографирам и сакам да ја користам фотографијата не само како уметничко изразување, туку и како алатка за социјална промена. Решив да се приклучам кога за прв пат се затекнав со овој таг. И претходно рециклирав, но ова беше начин да ги внесам моите пријатели во рециклирањето преку интересен предизвик, што можам да кажам дека е успешен. Бидејќи колку и да се чувствуваме мало во овој голем свет, секој човек може да направи некаква промена која може да влијае позитивно и за него и за средината.

**Стефан Митиќ, СУГС „Орце Николов“, Скопје**



# Трката да се исполнат стандардите




Биди одличен со сите петки за да знаат дека учиш, биди фит за да не те исмеваат, не зборувај многу бидејќи ќе те сметаат за досаден, немој да кажуваш што мислиш бидејќи не знаеш како ќе реагираат другите, ако си со послаби оценки - книга не фаќаш, ако пушиш цигари - фамилијата ти се распаѓа, ако слушаш турбофолк музика тогаш си селјак, ако излегуваш во парк - друштвото ти е катастрофа, ако ја фарбаш косата - кај ти бил паметот, ако молчиш тогаш си срамежлив, ако се сметаш себеси во нешто успешен тогаш си нарцис, ако зборуваш со професорот настрана од часот тогаш бараш оценка, ако кажеш добар ден на постар човек тогаш сите те гледаат како да си вонземјанин, ако учиш тогаш си бубалица, ако не учиш си тиквар.

До кога? До кога стереотипот ќе ја крие вистината? До кога ќе носиме самите заклучоци за туѓите животи? До кога ќе се грижиме кој што мисли? До кога ќе треба да се натпреваруваме со стандардите кои сами ги поставуваме?

Молчи за ова, не зборувај за она, ќе помине утре, ќе заборават за еден месец итн. Секој ден минимум по еден млад човек од дома излегува со страв, со страв од ова општество кое сами го создадовме. Зошто? Бидејќи врвните, дипломирани критичари - луѓето ќе кажат денес нешто, кај нив нема да биде земен предвид фактот дека ти си се трудел да не бидеш критикуван. Тие кои зборуваат и судат нема да речат: „Ти учеше за тестот една недела, но те фати паника и доби послаба оценка“. Нема да кажат ни дека си среќен и дека се чувствуваш удобно со фарбана коса, широки панталони и голем дуксер, нема да ти речат: „Немој да пушиш цигари“, бидејќи пред тебе ќе молчат, собираат материјал за да зборуваат со другите. Каде е тука човештвото? Каде се тука разбирањето и почитувањето? Каде е изгубена поддршката? И да, ова вака досега како текст звучи одлично, вистината пред нас, но ова мене сега не ми се случува, нели? Зошто јас да се грижам за нечиј друг живот? Ама кога ќе дојде до нас самите, тогаш нас нè боли и тогаш почнуваме да плачеме и да се жалиме од овој свет, живот, култура, општество, дотогаш сè е подмачкано, блескаво, а што ние користиме во секојдневниот говор, што мислиме, што кажуваме - тоа нема удел во ова, така?

Секој човек во ова исфорсирано општество и култура, без разлика дали е млад или возрасен, има удел во оваа ситуација, во оваа трка што сами ја создадовме. Почнувајќи од домот, завршувајќи во институциите, секој од нас е исто заслужен за секоја солза на секое дете пролеана поради стандардите поставени од некој. Сега сè изгледа невозможно и како тука да е крајот, направивме што направивме, создадовме чудовишта наместо луѓе, стандардите ги дигнавме до плафон и мораме да ги живееме последиците од тоа што го создадовме, и тоа е точно, мора да го живееме она што сами го изградивме. Но можеме да се поправиме, така што би подале рака барем на еден човек, така што би се воздржале од непотребен коментар за нечиј изглед, така што би понудиле помош за некој да ги поправи оценките, иако тие не се мерило за ничие знаење, така што не би се плашеле да го правиме тоа што го сакаме. Сметам дека секој млад човек има доволно капацитет да создава и да твори, да си обезбеди себеси пат по кој сака да се движи, и сите ние сме должни да му оставиме простор на секој од нас да порасне во најдоброто од себе, а не да бидеме планина која ќе ни пречи да направиме чекор.

**Ивона Марковска, СОУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“, Битола**

# Ајде да зборуваме



Живееме во динамичен и разновиден свет. Свет на луѓе со различни карактери и различни мислења. Но и покрај сè, луѓето се држат едни покрај други, сплотени. На место е изреката која вели дека човек сам не може. Споделувањето приказни, добри и лоши, доживувањата се секојдневие на младите тинејџери. Пријателства се создаваат за секунда, никнуваат на секој чекор. Велат, ако едно пријателство трае повеќе од седум години, тогаш станува збор за вистинско пријателство.

Но што е всушност пријателството? Кои луѓе се нарекуваат пријатели? Пријатели ли се оние со кои споделуваме доживувања, приказни, оние со кои се смееме? Пријатели ли се оние кои се поразлични од нас и преку чии очи го гледаме светот на различен начин, од поинаква перспектива? Дали да се биде пријател значи да се биде и партнер?

Пријателството, партнерството меѓу тинејџерите се опишува, пред сè, како нешто многу комплицирано. Како и возрасните, и тинејџерите имаат многу нешта што им се случуваат. Секојдневни обврски и одговорности, училиште, несогласувања со домашните, познаниците, сокласниците... Тинејџерите се луѓе, луѓе кои го бараат совршеното, она што им одговара, местото каде што припаѓаат. Адолесценцијата е период на збунетост, нејасни чувства, проблеми без решение. Во тој, понекогаш хаотичен свет, психологијата може да биде добар патоказ кон посакуваната цел. Психологијата, таа прекрасна наука, е наука за чувствата, емоциите, мотивацијата, менталната хигиена. Психологијата нуди решение на адолесцентските проблеми, а решението е партнерството. Партнерството е врска, врска меѓу адолесцент и родител, адолесцент и адолесцент, адолесцент и наставник. До најдобрите решенија се доаѓа преку разговор. Дијалогот е клучот за успешно поминати тинејџерски години и успешно осознавање на самиот себе.

Да зборуваме.

**Моника Стојановска, СОУ „Митко Пенџуклиски“, Кратово**

# Ж - како жена или како жртва



Колку пати сте почувствувале страв да влезете во возило каде што поголем број од луѓето се од спротивниот пол? Колку пати сте избегнале место кое не е осветлено? Колку пати сте се уплашиле дека ќе бидете силувани? Колку пати сте се плашеле по вашиот живот?

Ова се неколку работи кои не треба да се едно секојдневие и ова се прашања чии одговори не треба драстично да се разликуваат без оглед дали се одговорени од некој од машки или од женски пол.

Од една страна го имаме женскиот пол, а од друга страна лице кое страдало од нештата нанесени од други или да биде курбан за нешто. Но што може да ја направи жената да биде маргинализирана жртва на општеството? Еден збор, патријархат.

Иако има голем број дипломирани и докторирани жени, сепак е многу мал бројот на работодавци. Голем е бројот на жени жртви на семејно или какво било друго насилство, но мал е бројот на пријавени случаи. Па да погледнеме во корените за да го најдеме проблемот.

Девојчињата уште од мали нозе ги воспитуваат да бидат како стакло, да внимаваат како изгледаат, да се по туѓ вкус и димензија, да се тивки, да не се бунат, бидејќи не им личи, да внимаваат што зборуваат, да немаат амбиции кон нешто подобро, да се срамат ако имаат недостаток, да се машини за репродукција.

Момчињата, пак, се воспитуваат да се силни како карпа, да немаат чувства, дури и да се одронат тие се карпи, да се стремат кон повисокото, да газат сè пред себе, да се доминантни, да се бунат, да зборуваат гласно за да покажат моќ, да не се срамат, да не се потчинуваат. Сè додека постои ваква поларизација помеѓу половите, општеството нема да види развој и прогрес. Мажите да ја покажат својата надмоќ и да ја веат својата мажественост додека, пак, жените да прашуваат дали ќе може да добијат барем мала поддршка за моќ и со страв да ја гледаат тетовираната женственост на нивното тело. Дофрлување, зјапање, свиркање, па дури и удирање, сè само за да ја докажат својата мажественост, да ја покажат таа моќ т.е. привилегија. И баш поради оваа причина голем број од другите маргинализирани лица страдаат или воопшто не се сметаат за човечки битија. Дали ќе треба жената да чека мажот да се разбуди од сонот на доминација за да биде еманципирана? Не!

Пред четириесетина години во Исланд се случил штрајк, но тоа не бил обичен штрајк, тоа било движењето со кое се променил начинот на кој се гледала жената. Жените не само што демонстрирале револт, туку и моќ. На еден сончев ден, околу 90 проценти од жените безгрижно излегле на улици и ги условиле мажите на еднаква плата за еднаква работа. Тоа им ги отворило очите на мажите во власта кои сфатиле дека е невозможно да се води држава без жени.

Сè додека не се постигне рамноправност, залудни се прославите, розите и подароците. Само заедно сме посилни и само заедно ќе успееме.

**Елена Савеска, ОСЕУ „8 Септември“, Тетово**

НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина

# Како да ги користиме растенијата за секојдневна употреба

Како да ги употребуваме растенијата за кожата на телото, за зголемување на очните трепки или против комарци, но и како да ги користиме како природни лекови. На работилницата за млади во Ботаничката градина во Гази Баба, околу 20 тинејџери учеа за карактеристиките, ефектите и придобивките од различни видови растенија кои растат во Македонија и како можеме самите да ги користиме во секојдневниот живот. Работилниците за млади и деца се организираат во Ботаничката градина до крајот на мај од Институтот за биологија, Македонското биолошко друштво и Институтот за комуникациски студии како дел од кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!“.



**Младите од кумановско Слупчане рекоа дека во нивното село босилекот се користи како средство против комарци, кој има и добар мирис. Исто така и дека камилицата се користи како чај, но и како крем за лице.**



**Тинејџерите рекоа дека слушнале дека кантарионот може да се користи како масло за тело, дека зелениот чај се пие за слабеење, а дека ориганото, освен како зачин, може да се користи и како козметичко средство за зголемување на очните трепки. Но досега не забележале дали овие растенија растат во местото каде што живеат и кои се нивните карактеристики.**



**Како дел од работилницата за изработка на природни козметички производи, која е наменета за млади над 13 години, тие учеа како се прави природен козметички производ.**



**„Во нашиот регион се присутни различни лековити растенија. Некои од нив ги има и во дворовите на куќите, како што е липата. Имам видено како во ливадите на селото Опаје расте и кантарионот“, вели наставничката по биологија од училиштето „Фаик Коница“, Бехиде Даути.**

Од Ботаничката градина им објаснија дека зелениот чај расте и се култивира во Јапонија. „Зелениот и црниот чај извираат од едно растение. Поточно во процесот на обработка до финален продукт тие се разликуваат. Препорачано е сите чаеви, освен од нане, да се пијат умерено, инаку може да имаат спротивен ефект“, рече Цветанка Цветковска од Ботаничката градина.

Поделени во неколку групи, користејќи вазелин и екстракти од портокал и мандарина успеаја да направат лабело за усни. Импресионирани од овој експеримент, тинејџерите рекоа дека ќе пробаат истото да го направат и дома.

Фотоприказната ја изработи Институтот за комуникациски студии. **Новинар:** Омер Џафери; **Фоторепортер:** Борче Поповски

ЕКО КОШЕ

## Учиме за екологија

Екологијата е гранка на биологијата која ги проучува заемните односи на живите организми и нивната интеракција со животната средина.

**Животната средина** претставува околината или условите во кои живее еден организам, односно збирот од сите надворешни фактори (биотички и абиотички) на кои е изложен.

**Заштитата на животната средина** е систем од научно-технички, технолошки, социо-економски, санитарно-хигиенски, правни, педагошки и други методи за рационален однос помеѓу човечката активност и животната средина.

**Биоразновидност** е разновидноста на видовите и екосистеми на Земјата.

**Еколошкото образование** е процес преку кој луѓето ги изучуваат и истражуваат еколошките проблеми, се вклучуваат во нивното решавање и преземаат акција за унапредување на животната средина.

**Еколошкото новинарство** или **еконовинарство** претставува собирање, анализирање, производство и дисеминација на информации поврзани со тековните настани, трендови и прашања во областа на екологијата и заштитата на животната средина.

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Меѓународен натпревар за есеј за млади 2019

Фондацијата „Гоипис“ (GoiPeace), во соработка со УНЕСКО ги поканува сите млади кои сакаат да пишуваат, да учествуваат на Меѓународниот натпревар за есеј за млади 2019 со свој есеј на тема „Да создадеме подобро општество“. Идејата на натпреварот е да се поттикне акција не само да се напише есеј, бидејќи есеите треба да се поврзани со добри дела кои сте ги направиле. Есеите може да бидат напишани на англиски, француски, шпански и германски јазик и треба да имаат најмногу 700 збора, како и да не се објавувани претходно. Првопласираниот есеј ќе добие парична награда во износ од 900 долари, второпласираниот 450 долари, а третопласираниот сертификат и награда. Пријавувањето за конкурсот трае до 15 јуни. Повеќе информации на https://www.goipeace.or.jp/en/work/essay-contest/.

### Образовен камп „#Inno4Edu“

Лабораторијата за социјални иновации „Смартап“, во соработка со УНИЦЕФ ги кани сите млади на возраст од 16 до 27 години кои сакаат да поттикнат позитивна промена во образованието да учествуваат на 18-дневниот образовен камп „#Inno4Edu“. Кампот ќе се реализира преку работни средби од 5 мај 2019 до 16 јуни 2019 година во националната универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Кампот е замислен како алтернативна училница, а учесниците ќе работат во тимови. Учесниците на крајот од кампот ќе добијат сертификат за учество од страна на „Смартап“ и УНИЦЕФ, а членовите на победничкиот тим ќе добијат и симболична награда. Крајниот рок за пријавување е 30 април 2019, 18 часот. Повеќе информации на https://educamp.mk/index.html.

### Натпревар за млади претприемачи 2019

Фондациите „Гоипис“ (GoiPeace) и „Ентрепренеуршип“ (StiftungEntrepreneurship) ги поканува сите млади претприемачи на возраст од 15 до 35 години да учествуваат со иновациски идеи за претпријатие кое придонесува кон остварување на Целите за одржлив развој (SDG) на Обединетите нации. Пријавувањето е онлајн, со креирање сметка на следниот линк https://www.entrepreneurship-campus.org/register/. Иновациските идеи и проекти кои ќе ги задоволат критериумите на комисијата ќе поминат во вториот круг, каде што учесниците ќе имаат можност да ги доработат нивните проекти. Пријавувањето трае до 31 јули. Повеќе информации на https://www.entrepreneurship-campus.org/.